ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИ НА МАКЕДОНИЈА
ORGANISATION OF EMPLOYERS OF MACEDONIA

# ИЗВЕШТАЈ 1

## за работењето на
## Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ)
## во 2015 година

# ИЗВЕШТАЈ 2

## Остварена соработка со МОТ преку Проектот
## "Унапредување на социјалниот дијалог"

*Скопје, март 2016 година*

**Извештај 1**

Организацијата на Работодавачи на Македонија (ОРМ), во текот на 2015 година успешно реализираше голем број активности кои произлегуваат од остварувањето на предвидените цели и задачи согласно Законот за работните односи , Статутот на ОРМ и програмата за предвидени активности за 2015 година. Во прилог се наведени некои од позначајните активности на ОРМ реализирани во текот на  годината:

**1.Здруженија**

Во ОРМ досега се формирани следниве здруженија: Здружение за комунални дејности, Здружение за тутунско стопанство, Здружение за текстилна индустрија, Здружение за кожарска и чевларска индустрија , Здружение за заштитни работилници, Здружение за угостителство и кафетерии, Здружение за земјоделство и прехрамбена индустрија, Здружение за градежништво и производство на градежни материјали, Здружение за хемиска индустрија и Здружение за хартија, графичка дејност ,Здружение за финансиско посредничка дејност- банки и осигурителни и независни регулаторни тела и  Здружение за енергетика .

Нови членки во 2015 до втори месец 2016 : Арцелормитал, Родон, Амика, Кемет, Мепсо, Елем, ТЕЦ Неготино, Конфи Ангел Прилеп, Поледелство Ерџелија, Комисија за хартија од вредност, Рамстор

**2 . Колективни договори**

Согласно измените во Законот за работни односи, Општиот колективен договор и  Законот за минимална плата имавме обврска да ги усогласуваме  ОКД и КД на ниво на гранка.
Потпишани, усогласувани и објавени во службен весник се:
Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството. усогласен и  потпишан во 2015 година
КД  за тутунска индустрија
КД за хеминска индустрија
КД за угостителска дејност
КД за текстилна индустрија усогласен и  потпишан во 2015 година
КД за кожарска индустрија усогласен и  потпишан во 2015 година
КД за енергетика
КД за земјоделие и прехранбена индустрија усогласен и  потпишан во 2015 година
КД за Заштитните друштва усогласен и  потпишан во 2015 година
КД за баники, преговарањето е  во тек,  се уште нема консензус за најниската пресметковна вредност.
Здружението на работодавачи од финансиската дејност и дејностите од осигурување на ОРМ и Синдикатот на работниците од финансиските организации на Македонија склучија Колективен договор за независните регулаторни тела. Колективниот договор го потпишаа Ангел Димитров

Претседател на ОРМ, Николина Миланова Претседател на Здружението на работодавачи од финансиската дејност и дејностите од осигурување со СФОМ.

**3. Работењето на Економско социјалниот совет**

Организацијата на Работодавачи на Македонија ( ОРМ ) како единствена организација на работодавачи која ја докажа својата репрезентативност учествуваше на сите седници на ЕСС во текот на 2015 година. Доставени беа следните барања:

Поднесени иницијативи од ОРМ до ЕСС

- Барање за толкување на прераспределба на работно време
Здружението на текстилна индустрија при ОРМ, - Текстилен кластер
и Здужението на текстилна индустрија на СКМ бараа толкување на член 124 од ЗРО во врска со можноста за прераспределбата на работното време. Ставот 2 од членот 124 ја ограничува можноста за прераспоредување на работното време да се врши така што вкупното работно време на работникот во просек да не биде подолго од 40 часа во работната недела во текот на годината.
Ставот 3 упатува дека прераспределба на работното време за вршење на сезонска работа, работното време не може да биде подолго од 12 часа дневно или 55 часа неделно, за време не подолго од четири месеци.
Согласно ставот 4 Работното време од ставот (3) на овој член кое е подолго од 40 часа во работната недела се засметува и надоместува во пократко работно време во други работни денови или со слободни работни денови за времетраењето на договорот за вработување.
Поради сезонскиот карактер на текстилната индустрија во периодот од средината на Април и првата половина на месец Мај се јавува недостиг на работа кој предизвикува финансиски потешкотии на компаниите.
Сметаме дека излез од ваквата состојба е можноста овие неработни денови работниците да ги одработат во неработните саботи и недели во текот на наредните месеци во годината.
Доколку постоечките одредби на ЗРО не го дозволуваат ова, бараме да се интервенира со измена на членот 124 од ЗРО како би се остварила оваа миожност.
Барањето е заради задржување на конкурентската моќ на овие компании на глобалниот пазар, каде постои огромна конкуренција и ниски плати и многу полиберални работни односи. На овој начин ке се овозможи задржување на работните места во оваа индустриска гранка.

- Предлог за дополнување на работното законодавство за работници кои не можат да ги извршуваат работните задачи поради возраста или намалената работна способност.

**3.Разгледувани прашања на седниците на ЕСС во 2015 година**

1. На 27 та седница на ЕСС разгледани  се и прашањата по Предлог-законот за дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, Предлог-законот за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување и Предлог-законот за дополнување на Законот за здравственото осигурување, во кои е предвидено, за вработување на определени категории на невработени лица и согласно условите пропишани во предлозите на законите, ослободување од плаќање придонеси од задолжително социјално осигурување и ослободување од плаќање персонален данок за работодавачите од приватниот сектор, за период од 36 месеци или од 60 месеци.

2. Образложение по ЗРО,објаснување на одредбите од Законот за работни односи

Со членот 1 се врши промена во делот на елементите кои што работодавачот треба да ги наведе во јавниот оглас.

Со членот 2 се врши дополнување на постојниот член 102 кој го уредува престанокот на важноста на договорот за вработување.

Со членот 3 се врши дополнувањето  на членот 117 став  2 .

Со членот 4 и измената на членот 141 став 2 се врши усогласување со Конвенцијта на МОТ за платени одмори (број 132) .

Со членот 5 се врши измената во членот 142 став 2 .

Со членот 6 се дополнува постојниот член 170.

Со членот 7 се уредува дека покрај инспекторот за трудот покана за плаќање на глоба и решение. 259-а со кој се уредува дека органите на државната управа .

Со членот 9 се додава нов член 261-а со кој се уредува покренувањето на прекршочна постапка на органите на државната управа.

Членот 10 е дополнување со нов став на постојниот член 263 .

Во членот 11 е уредено дека за прекршоците утврдени во членовите 264 став (1) алинеја 1, став (2) и став (3) од овој закон.

Со членот 12  се уредува порамнувањето.

**4. Учество на ОРМ во институциите**

1. Во МТСП

- во подготовка Национална стратегија за вработување 2016-2020. Подготовката на стратегијата беше подржана од  Меѓународната организација на трудот, Светска Банка и УНДП и истата ги содржи макроекономските, микроекономските и политиките на пазарот на трудот во насока на креирање на нови работни места и подобрување на состојбите на пазарот на трудот во периодот од 2016 до 2020 година.

- во подготовка на Акцискиот план за вработување на младите 2016-2020.. Подготовката на стратегијата беше подржана од  Меѓународната организација на трудот .

- во Предлог Правилникот за начинот и водењето на електронската евиденција на полното работно време и прекувремената работа
Поднесено забелешки по однос на Предлог Правилникот за начинот и водењето на електронската евиденција на полното работно време и прекувремената работа и учество во негово креирање. Со подршка на номиниран претставник г-дин Д.Алексиќ и А. Михајлова од НЛБ Тутунска банка.

- во Прашалник за работодавачот за собирање податоци поврзани со примената на Законот за безбедност и здравје при работа
доставен Извештајот по Анекс 43 Прашалник за работодавачот за собирање податоци поврзани со примената на Законот за безбедност и здравје при работа , согласно заклучокот од состанокот за Оценка на спроведливост на регулативата на законот за Безбедност и здравје одржан на 25.02.2015.
Со подршка на номиниран претставник Кире Ицев од Алкалоид.

**4. Министерството за оразование и наука**

- Македонската Рамка на Квалификации(МРК).
Со подршка на Британскиот Совет во Македонија, а во соработка со Организацијата на работодавачи на Македонија , на 6 февруари 2015 год. се одржа обука со цел подигање на свеста за важно и незаменливо учество на работодавачите, во целиот процес на Македонската Рамка на Квалификации(МРК).
Важно е да се напомене дека улогата на работодавачите, започнува со импутот во изготвувањето на стандардите за занимања преку учеството во работните групи, во развивањето на нови квалификации со учество како членови во Секторските комисии и во усвојувањето на квалификациите со учеството во највисокото тело за МРК, како членови на Националниот Одбор на МРК.
Целта на вмрежеувањето на работодавачите е да можеме да образуваме кадри кои ќе имаат реална потреба на пазарот на трудот и ќе бидат барани од индустријата, а со тоа ќе се и обезбеди полесно вработување.

- Учество во Меѓуресорската група за подготовка на Стратегијата за претприемачко учење за РМ 2014-2020 и Акциски план .

- Учество во Европски совет за образование - Со подршка на номиниран претставник Слаѓана Јакимовска Наскова од ЕВН

5. Учество во Локални економско социјални совети

Учество на седница на Локален Економско Социјалени Совети во кои учествуваат нашите членови на Град Скопје, Општина Гази баба, Струмица, Битола, Тетово, Гостивар, Штип, Ресен, Велес, Свети Николе .
за формирање на Меѓуресорската група за подготовка и спроведување на Стратегијата за претприемачко учење за Република Македонија 2014-2020, односно мониторирање на спроведувањето на акцискиот план 2014-2015 год.

Ново формирани во 2015 се ЛЕСС, Велес, Ресен и ЛЕС Свети Николе.

6. Учество во Управниот одбор на Агенција за вработување на Р.М

7. Учество во Одбор за акредитација и евалуација на високообразовни програми

**Потпишани Меморандуми и програми**

- На 26.03.2015 се одржа Потпишувањето на Програмата за пристојна работа, од министерот за труд и социјална политика, социјалните партнери и директорот на МОТ за централна и Источна Европа,г.Антонио Грациози.

- На 26.02.205 потпишаан Меморандум за разбирање и деловно техничка соработка со Македонската асоцијација за човечки ресурси.
Како зеднички основни цели за соработка беа нагласени:
-подигање на свеста и развојот на работната сила
-учество во проекти за поттикнување на развојот на човечките ресурси, особено преку подобрување на квантитетот и квалитетот на човечкиот капитал, што води кон повеќе и подобри работни места, повисок раст и развој и поголема национална конкурентност на меѓународно ниво.
-поставување на стандарди за професијата управување со човечките ресурси на национално ниво

-ОРМ ќе се залага за поддршка на МАЧР преку институциите во Република Македонија, соседните држави и Европската унија со кои има воспоставено соработка и други активности

**6. Работата на Управниот одбор во 2015, заклучоци, ставови и прашања за актуелни проблеми и други активности**

1. Градење на стратегија за Општиот колективен договор за стопанството.

2. Разгледување на активностите по проектот Унапредување на социјалниот дијалог, разгледување и одобрување на предлог политики и маркетинг планот за ОРМ

3. на ден 13.7.2015 година попшишана е Спогодбата за изменување и дополнување на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството
Во членот 35 став 1 алинеата 7 се менува и гласи:

- ,, Регрес за годишен одмор во висина од најмалку 40% од основицата, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач.

Со колективен договор на ниво на дејност или колективен договор на ниво на работодавач може да се утврди регрес за годишен одмор во поголем износ од износот утврден со овој колективен договор.
Регресот за годишен одмор се исплатува еднаш во текот на годината. Износот се утврдува според основицата која важи на денот на донесувањето на одлуката за исплата.
Кај работодавачите кај кои настанале потешкотии во работењето , ценејќи ја економско – финансиската состојба на работодавачот, по задолжителна предходна консултација со синдикатот на ниво на гранка односно оддел, со спогодба потпишана од работодавачот и репрезентативната синдикална организација може да се утврди регрес за годишен одмор во помал износ од износот утврден со овој колективен договор.
Кај работодавачите во кои нема формирано синдикат спогодбата се потпишува со избран претставник од работниците “ .

**7.Учество на годишната меѓународна конференција на МОТ**

Трипартитна делегација од Р.Македонија составена од делегација на ОРМ,ССМ, КСС како и претставник од Владата,конкретно од МТСП, присуствуваше на Генералното собрание на 104 тата седница на Меѓународната конференција на трудот од 10 до 13 Јуни. Претставник од ОРМ Светлана Ристовска Антиќ.
*Посета на Центарот за обука на МОТ во Торино
- од 29 септември до 1ви Октомври,2015 година во Бечичи, Црна гора се одржа субрегионална конференција за зелени работни места во земјите од западен балкан на која од ОРМ учествуваа Светлана ристовска Антиќ и Ангел Димитров.
-од 29 септември до 3 октомври во центарот на МОТ во Торино на обуката за Стратегијата и акцискиот план за вработување на која од ОРМ учествуваше Белинда Николовска
- од 3-5 ноември во тренинг центар во Торино, Италија се оддржа истражувачката конференција за формирање на дата база на трудовата легислатива на земјите од Западен Балкан која ќе се користи за потребите за компаративна анализа на која од ОРМ учествуваше претседателот Ангел Димитров.
-Од 22 до 28 Ноември, во Торино во тренинг цебнтарот на МОТ се одржа тренинг на тема Непријавената работа во замјите на Западен Балкан на која од ОРМ присуствуваше Томе Петковски

**8. На 10.декември,2015 година во хотел Александар Палас одржана свеченост по повод 10 години успешно работење на ОРМ**( во прилог краток извештај од настанот)
Благодарница за особен интерес во 10 годичниот развој на ОРМ добија:

Лица : *Димиар Стојановски, *Јорго Ќука и *Светлана Ристовска-Антиќ

*Стопанска комора на Македонија

Компании членки на ОРМ, добитници на благодарница:
*Империал тобако ТКС,*ЗИК Пелагонија А.Д,* МИК Свети Николе,
*ХОТАМ,* ЗАПОВИМ,* Баргала А.Д, *Единство А.Д
*Лихнида А.Д,* Стопанска банка – Скопје А.Д
*ЕВН Македонија, *Алакалоид А.Д, *Осигурување Македонија А.Д Скопје-Виена Иншуренс Груп, *Европа А.Д ,*Комерцијална банка А.Д ,
* Фершпед А.Д ,* Скопски пазар А.Д

-Во рамките на промоцијата на јубилејот на ОРМ, 10 години постоење, а со цел зголемубање на воидливоста на ОРМ, беше изработена кампања која одеше во три јавни гласила, -Среќни работници за успешен бизнис- во Тиме мк,Оф-нет,Фактор-мк,Дневник,Капитал и Фокус.
*Прилог кон извештајот за работа е -ОРМ 10 години постоење ( во прилог)

**ИЗВЕШТАЈ 2**

Остварена соработка со МОТ преки Проектот "Унапредување на социјалниот дијалог"

По проектот "Унапредување на социјалниот дијалог" финансиран од ЕУ од ИПА компонентата за развој на човечки ресурси 2007-2013 година, се имплементира во период од 24 месеци од страна на МОТ ,а ОРМ е еден од корисниците и во рамките на истиот се спроведени следните активности:

1. На 29- 30 јануари оржана работилница за Стратешки план за ОРМ. На подготовката на стратегијата на ОРМ учетвуваа

| | |
|---|---|
| Ангел Димитров | Организација на работодавачи на Македонија |
| Белинда Николовска | Организација на работодавачи на Македонија |
| Светлана Ристовска Антиќ | Организација на работодавачи на Македонија |
| Татјана Милојевиќ | МАПАС |
| Живка Ивановска | УСЈЕ |
| Лидија Голакова | МИК Свети Николе |
| Ивица Медарски | ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА а.д. СКОПЈЕ |
| Кире Ицев | АЛКАЛОИД |
| Ана Кулеванова | АЛКАЛОИД |
| Томе Петковски | АГРОПЛОД |
| Олгица Стојчевска | SWISSLION |
| Николина Миланова | СТОПАНСКА БАНКА а.д. СКОПЈЕ |
| Билјана Сиљановска | СОКОТАБ доо БИТОЛА |
| Марта Дамевска Пуличовска | МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ а.д. ПРИЛЕП |
| Слаѓана Јакимовска Насковска | ЕВН |
| Александра Јадровска | АД ЕВРОПА СКОПЈЕ |
| Анче Владичевска | ФЕРШПЕД |
| Нена Ристовска | ФЕРШПЕД |
| Наташа Сивевска | ТТА |
| Лидија Буревска | МЛЕКАРА а.д. БИТОЛА |
| Аница Радичоска | МЛЕКАРА а.д. БИТОЛА |
| Бети Саздовска Содиќ | НЛБ ТУТУНСКА БАНКА а.д. СКОПЈЕ |
| Орде Ѓорѓиоски | ВИТАМИНКА |

| | |
|---|---|
| Маја Поповска | Арцелор Митал ЦРМ Скопје |
| Александар Кржаловски | МЦМС |
| Драган Радиќ | Меѓународна организација на трудот |

2.На 25-26.02.2015 - одржа дводневна работилница на која се разгледаа извештаите за состојбата во Економско социјалниот совет, Локалните Економско социјални совети и Заедничкиот консултативен комитет со ЕУ, се дадоа предлог мерки за зголемување на влијанието на овие три тела во кои ОРМ како претставник на работодавачите е единствен репрезентативен партнер и се подготви Акциски план за спроведување на договорените препораки. Работилницата беше водена од тим лидерот на проектот г-ѓа Кристина Михеш од МОТ специјалнит кој ги претставува интересите на Владата.

3.На 3 и 4март,2015 во хотел Арка одржана Обуката за управување и подготовка на документ за управување ѝ овозможи на Организацијата на работодавачи да обезбеди транспарентен и репрезентативен систем на правила и практики со кои ќе се насочува и контролира ОРМ. Модератор на работилницата беше г. Ѓорѓија Петкоски од Global CDL, во координација со г. Драган Радиќ, виш експерт за активности на работодавачите во канцеларијата на МОТ во Будимпешта.

4.Работилницата за потврда на студиите е настан кој го организира проектот „Унапредување на социјалниот дијалог“. Во рамки на трипартитната работилница ќе се разгледуваат двете студии и ќе се презентираат и финализираат механизмите за следење на препораките од Економско-социјалниот совет. Г-ѓа Кристина Михеш, виш експерт за социјален дијалог и трудово законодавство од канцеларијата на МОТ во Будимпешта, ќе обезбеди техничка поддршка во текот на работилницата.

5. На 20 март одржани состаноци на фокус групите со членовите на ОРМ во рамки на активноста за Подготовка на документи за ставовите на работодавачите за поволна деловна клима. На состаноците се разгледаа три прашања, утврдени од страна на Организацијата на работодавачи како значајни за работењето, Пристап до финанси и Лојална конкуренција и Претприемачка култура и за истите се подготвија Предлог политики.

На 5 мај се одржана работилницата на која се разгледаа трите Предлог политики за ставовите на работодавачите и се презентираа клучните елементи од предлог политики за „Пристап до финансиски услуги“Лојална конкуренција“ и „Претприемачка култура“

6. На 24 и 25 март 2015 се одржа трипартитна работилница за потврда на студиите Анализа на постојната национална регулаторна и институционална рамка за колективно договарање во споредба со меѓународните стандарди за трудот и правото и практиките на ЕУ и Студијата за процена на постојната регулаторна рамка за собирање податоци (членство во социјалните партнери и

колективни договори). Во рамки на работилницата се презентира и финализира нацрт-концептот за механизмите за следење на препораките од ЕСС.

7. на 26 март 2015 оржан состанок на работната група за подобрување на деловникот за работа на ЕСС (согласно 26-тата седница на ЕСС, точка 5 се одржаработилница г. која ја водеше Кристина Михеш, виш експерт за социјален дијалог и трудово право од канцеларијата на МОТ во Будимпешта)

8. Формирана е комисија за издавање на лиценци во која членови од ОРМ се Ангел Димитров, Слаѓана Јакиммовска Насковска и Анче Владичевска и истата е согласно Законот за мирно решавање на работни спорови („Службен весник на Република Македонија" бр.87/07 и 27/14),и правилникот за формата, содржината и начинот на издавањелиценци за мирно решавање на работни спорови .

9. На 19 мај,2015 г се одржа Работилницата за лобирање и застапување со цел да го зајакне капацитетот за лобирање и застапување во насока на подобрување на деловната клима. Модератор на работилницата беше г. Арно де Костер од Меѓународниот центар за обука во Торино, во координација со г. Драган Радиќ, виш експерт за активности на работодавачите во канцеларијата на МОТ во Будимпешта.

10. на 25 август 2015 г. Одржани се уште две фокус групи со членките не ОРМ на кои се разгледуваа дополнително две прашања, утврдени од страна на Организацијата на работодавачи како значајни за работењето.

- Прва фокус група: Регулаторна рамка
- Втора фокус група: Владеење на правото

За двете прашања се изготвени Предлог политики
11. Оставени три обука за Мирно решавање на работните спорови преку помирување и арбитража, користејќи ги алатките на МОТ на кои голем интерес покажаа нашите членови.

12. Изготвена Комуникациска стратегија на ОРМ со помош Идеа Плус.
13.Изготвена нова веб страна на ОРМ

Изготвиле,
Белинда Николовска
Светлана Ристовска Антиќ
Март.2016, Скопје

Претседател
Ангел Димитров